# Службен весник
## на Република Македонија

**Број 23** **31 јануари 2019, четврток** **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 320. | **Указ** за отповикување од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Сојузна Република Германија.. | 2 |
| 321. | **Указ** за отповикување од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Канада...................................... | 2 |
| 322. | **Указ** за отповикување од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Руската Федерација.................. | 3 |
| 323. | **Одлука** за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите за овластените службени лица од областа на безбедноста, воздухопловниот персонал и за помошно-техничките лица вработени во Дирекцијата за заштита и спасување.... | 3 |
| 324. | **Одлука** за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во јавните установи за социјална заштита основани од Владата на Република Македонија за 2019 година.............. | 3 |
| 325. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите............................................... | 3 |
| 326. | **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово..... | 4 |
| 327. | **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово..... | 4 |
| 328. | **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово..... | 5 |
| 329. | **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово..... | 5 |
| 330. | **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово..... | 6 |
| 331. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Затвор Скопје........................... | 7 |

Стр.

332. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Воспитно -поправната установа Воспитно-поправен дом Тетово........ 7
333. **Решение** за именување на претседател, заменик претседател, членови и нивни заменици на Национален совет за информациски и комуникациски технологии и сајбер безбедност........ 7
334. **Решение** за разрешување од должноста член на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Македонија........ 8
335. **Решение** за именување директор на Државниот инспекторат за труд....... 8
336. **Решение** за разрешување од должноста в.д. директор на Државниот девизен инспекторат........ 9
337. **Решение** за именување в.д. директор на Државниот девизен инспекторат........ 9
338. **Решение** за определување претставник во Советот на ЈНУ Институт за духовно културно наследство на албанците-Скопје........ 9
339. **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈП „Стрежево“ – Битола........ 9
340. **Програма** за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година.... 10
341. **Програма** за изградба и реконструкција на основни училишта за 2019 година........ 22
342. **Програма** за изградба и реконструкција на средни училишта за 2019 година........ 25
343. **Одлука** за определување на вредност на поенот за пресметување на годишниот надоместок за 2019 година........ 27
**Огласен дел**........ 1-52

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**320.**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), донесувам

### У К А З
### ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА

I

Г. Сашо Марковски се отповикува од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Сојузна Република Германија, со седиште во Берлин.

II

Должноста на вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Сојузна Република Германија престанува заклучно со 8.3.2019 година.

III

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Указ број 91
30 јануари 2019 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

**321.**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), донесувам

### У К А З
### ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАНАДА

I

Г. Тони Димовски се отповикува од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Канада, со седиште во Отава.

II

Должноста на вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Канада престанува заклучно со 31.3.2019 година.

III

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Указ број 92
30 јануари 2019 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

**322.**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), донесувам

**У К А З**
**ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА**

I

Г. Гоце Карајанов се отповикува од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Руската Федерација, со седиште во Москва.

II

Должноста на вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Руската Федерација престанува заклучно со 31.3.2019 година.

III

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Указ број 93
30 јануари 2019 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**323.**

Врз основа на член 115-б став 19 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ ЗА ОВЛАСТЕНИТЕ СЛУЖБЕНИ ЛИЦА ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА, ВОЗДУХОПЛОВНИОТ ПЕРСОНАЛ И ЗА ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИТЕ ЛИЦА ВРАБОТЕНИ ВО ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите за овластените службени лица од областа на безбедноста, воздухопловниот персонал и за помошно-техничките лица за периодот од 1.1.2019 година до 31.8.2019 година изнесува 10,519 денари, а од 1.9.2019 година вредноста на бодот изнесува 11,045 денари.

Член 2

Со влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на вредноста на бодот на платата за овластените службени лица од областа на безбедноста, воздухопловниот персонал и за помошно-техничките лица вработени во Дирекција за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр.168/16).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 45-349/1
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**324.**

Врз основа на член 88 став 3 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ОСНОВАНИ ОД ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА**

Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во јавните установи за социјална заштита основани од Владата на Република Македонија за периодот од 1.1.2019 година до 31.8.2019 година изнесува 77,24 денари, а за периодот од 1.9.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81,10 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 45-416/1
22 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**325.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НАМИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА - УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Реден број | Назив на движната ствар | Модел | Производител | Количина (парче) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Куќиште за десктоп компјутер | Kodegen Case | Кодеген Супер Пауер | 1 |
| 2 | Монитор | 18,5” 196V3LAB/00 | Филипс | 1 |
| 3 | Сет од звучници | SPK Twins USB 2,0 | МСИ | 1 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Управата за извршување на санкциите, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11563/1-18
22 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**326.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНАТА УСТАНОВА КАЗНЕНО - ПОПРАВЕН ДОМ ИДРИЗОВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите, му престанува користењето на движните ствари и тоа:

| Реден број | Назив на движните ствари | Опис | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1. | Противпожарен апарат | Марка ФФЦ ПРЦ, исполнет со сув прав од 9,0 кгр, со млазница | 31 |
| 2. | Противпожарен апарат | Марка ФФЦ ПРЦ исполнет со $CO_2$ од 5 кгр, со млазница | 14 |
| 3. | Противпожарен апарат | Марка ФФЦ ПРЦ, исполнет со $CO_2$ од 6 кгр, со млазница | 5 |
| 4. | Противпожарен апарат | Марка ФФЦ ПРЦ, исполнет со FM 200 од 6 кгр, со млазница | 4 |
| 5. | Противпожарен апарат | Марка ФФЦ ПРЦ, исполнет со сув прав од 50,0 кгр, со млазница | 3 |
| 6. | Сандак со песок | Се состои од метален сандак, песок, лопата, лимена кофа и копач | 3 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово.

Член 3

Директорот на Управата за извршување на санкциите склучува договор со директорот на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44- 11656/1-18
22 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**327.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНАТА УСТАНОВА КАЗНЕНО - ПОПРАВЕН ДОМ ИДРИЗОВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите, му престанува користењето на движните ствари и тоа:

| Реден број | Назив на движните ствари | Опис на движните ствари | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1. | Бројки на ќелии | Изработени од метална плочка, со димензии 50/30 мм | 139 |
| 2. | Знаци за сектори | Изработени од самолеплива пластифицирана фолија, со димензии 297/210 мм | 5 |
| 3. | Знаци за блокови | Изработени од метална плочка, со димензии 297/210 мм | 20 |
| 4. | Знаци за работилница, училница, библиотека | Изработени од самолеплива пластифицирана фолија, со димензии 200/200 мм | 14 |
| 5. | Знаци „Забранет пристап за неовластени лица“ | Изработени од самолеплива пластифицирана фолија, со димензии 210/297 мм | 215 |
| 6. | Знаци „Забрането приближување“ | Изработени од пластифициран лим, со димензии 841/1189 мм | 4 |
| 7. | Знаци „Видео надзор“ | Изработени од самолеплива пластифицирана фолија, со димензии 150/150 мм | 27 |
| 8. | Знаци „Противпожарен апарат“ | Изработени од самолеплива пластифицирана фолија, со димензии 210/297 мм | 65 |
| 9. | Знаци „План за евакуација“ | Изработени од самолеплива пластифицирана фолија, со димензии 297/ 210 мм | 20 |
| 10. | Знаци „Прибор за прва помош“ | Изработени од самолеплива пластифицирана фолија, со димензии 150/150 мм | 7 |
| 11. | Знак за медицинска просторија | Изработен од самолеплива пластифицирана фолија, со димензии 150/150 мм | 1 |
| 12. | Знаци „Поштенско сандаче на народен правобранител“ | Изработени од самолеплива пластифицирана фолија, со димензии 210/297 мм | 3 |
| 13. | Знаци „Дневна рутина“ | Изработени од самолеплива пластифицирана фолија на табла од форекс, со димензии 841/594 мм | 17 |
| 14. | Знаци „Правни и информациски известувања“ | Изработени од самолеплива пластифицирана фолија на табла од форекс, со димензии 420/594 мм | 4 |
| 15. | Знаци „ Затворска полиција“ | Изработени од самолеплива пластифицирана фолија, со димензии 160x160мм | 10 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово.

Член 3

Директорот на Управата за извршување на санкциите склучува договор со директорот на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44- 11656/2-18 — Заменик на претседателот
22 јануари 2019 година — на Владата на Република
Скопје — Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

**328.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНАТА УСТАНОВА КАЗНЕНО - ПОПРАВЕН ДОМ ИДРИЗОВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите, му престанува користењето на движните ствари - 550 парчиња Ѕидни ЛЕД светилки, изработени од алуминиумска база, со прекинувач и лед сијалица со моќност од 6W и заштита од влага IP44.

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово.

Член 3

Директорот на Управата за извршување на санкциите склучува договор со директорот на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44- 11656/3-18 — Заменик на претседателот
22 јануари 2019 година — на Владата на Република
Скопје — Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

**329.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНАТА УСТАНОВА КАЗНЕНО - ПОПРАВЕН ДОМ ИДРИЗОВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите, му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Ред. број | Назив на движните ствари | Опис на движните ствари | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1. | Душек тип 1 | Изработен од полиуретанска мека пена од 35 кг/м3, обложен со ретекс, со ПЕС вата од 100 гр/м2, навлака со антиалергиски и антибактериски својства, со димензии 90/190 см | 546 |
| 2. | Душек тип 2 | Изработен од полиуретанска мека пена од 35 кг/м3, обложен со ретекс, со ПЕС вата од 100 гр/м2, навлака со антиалергиски и антибактериски својства, со димензии 90/190 см | 4 |
| 3. | Перница | Изработена од платно со состав 100% памук во бела боја, со полнеж 100 % полиестер, со димензии 50/ 70 см | 1100 |
| 4. | Креветски чаршаф | Изработен од платно со состав 100 % памук во бела боја, со тежина на материјалот од 200 грама/м2, со димензии 150/240 см | 2200 |
| 5. | Навлака за перница | Изработена од платно со состав 100 % памук во бела боја, со тежина на материјалот од 200 грама/м2, со димензии 150/240 см | 2200 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово.

Член 3

Директорот на Управата за извршување на санкциите склучува договор со директорот на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44- 11656/4-18
22 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

**330.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22.1.2019 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНАТА УСТАНОВА КАЗНЕНО - ПОПРАВЕН ДОМ ИДРИЗОВО

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите, му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Реден број | Назив на движните ствари | Опис на движните ствари | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1. | Послужавник за јадење | Изработен од ИНОКС со квалитет 18/10, дебелина на лим 1 мм, со пет прегради , со димензии 40/ 28/ 2,5см | 600 |
| 2. | Цедалка | Изработена од ИНОКС со квалитет 18/10, со прегради за сушење | 16 |
| 3. | Лонче за супа и чај | Изработено од ИНОКС со квалитет 18/10, со рачка со волумен од 0,3 литри | 600 |
| 4. | Термос за пренос на храна | Изработен од ИНОКС со квалитет 18/10, за топла/ладна храна со цилиндрична форма, со волумен од 20 литри | 16 |
| 5. | Електричен бокал за вода | Марка ВОКС ЕЛЕКТРОНИКС, тип WK 1205. од инокс со моќност 2200W. капацитет 1.7 литри со автоматско исклучување | 16 |
| 6. | Послужавници | Пластични, термоотпорни, со димензии 36/46см | 32 |
| 7. | Кујнски ножеви за леб | Изработен од инокс со квалитет 18/10 | 24 |
| 8. | Црпалка | Изработена од инокс со квалитет 18/10, со волумен од 0.5 литри, со долга рачка погодна за црпење на храна од термос | 32 |
| 9. | Лопатка за служење салата | Изработена од ИНОКС со квалитет 18/10 | 32 |
| 10. | Даски за сецкање | Пластични, со димензии 40/50см | 16 |
| 11. | Шпатула | Решетка за служење храна изработена од инокс со квалитет 18/10 | 24 |
| 12. | Тепсија | За печење изработена од алуминиумски лим, со димензии 65/50/8 см | 16 |
| 13. | Електрично решо | Марка СЕВЕРИН, Тип 1092 со моќност од 1500W, со една грејна плоча со дијаметар од 18,5 см и термостат со индикаторско светло | 8 |
| 14. | Микробранова печка | Марка БЕКО, Тип MOC20100S со капацитет од 20 литри, со 6 нивоа на моќност од 700W, со механички тајмер и функција | 8 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово.

Член 3

Директорот на Управата за извршување на санкциите склучува договор со директорот на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44- 11656/5-18 Заменик на претседателот
22 јануари 2019 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

**331.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНАТА УСТАНОВА ЗАТВОР СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за правда - Управа за извршување на санкции му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Реден број | Назив на движните ствари | Опис на движните ствари | Количина (Парче) |
|---|---|---|---|
| 1. | Монитор | ХП 1506 | 1 |
| 2. | Куќиште | ХП Компак Дц 5800 | 1 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Казнено-поправна установа Затвор Скопје.

Член 3

Директорот на Управата за извршување на санкции склучува договор со директорот на Казнено - поправната установа Затвор Скопје со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11682/1-18 Заменик на претседателот
22 јануари 2019 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

**332.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ВОСПИТНО - ПОПРАВНАТА УСТАНОВА ВОСПИТНО-ПОПРАВЕН ДОМ ТЕТОВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите му престанува користењето на движните ствари и тоа:

| Ред. број | Назив на движните ствари | Опис на движните ствари | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1. | Монитор | Грејт вол | 1 |
| 2. | Куќиште | Грејт вол 806300Е-Н | 1 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Воспитно - поправната установа Воспитно-поправен дом Тетово.

Член 3

Директорот на Управата за извршување на санкциите склучува договор со директорот на Воспитно - поправната установа Воспитно-поправен дом Тетово, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11684/1-18 Заменик на претседателот
22 јануари 2019 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

**333.**

Врз основа на член 36, став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18) и врз основа на Одлуката за формирање на Национален совет за информациски и комуникациски технологии и сајбер безбедност, Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22.1.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ИНФОРМАЦИСКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ И САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ**

Член 1

За претседател на Национален совет за информациски и комуникациски технологии и сајбер безбедност (во натамошниот текст: Советот) се именува Владимир Цветковиќ, советник на претседателот на Владата на Република Македонија за информациски и комуникациски технологии.

За заменик претседател на Советот се именува Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација.

Член 2

За членови на Советот се именуваат:

- д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања;
- Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи;
- м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана;
- Мила Царовска, министер за труд и социјална политика;
- д-р Венко Филипче, министер за здравство;
- д-р Рената Дескоска, министер за правда;
- д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука;
- Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа;
- Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Македонија;
- Петре Шилегов, претседател на Заедницата на единиците на локалната самоуправа;
- Сашо Димитријоски, директор на Агенцијата за електронски комуникации

За заменици членови на Советот се именуваат:

- Мемет Жаку, овластено лице од заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања;
- д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи;
- д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана;
- Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика;
- д-р Асим Муса, заменик на министерот за здравство;
- Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда;
- д-р Петар Атанасов, заменик на министерот за образование и наука;
- Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа;
- Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Тахир Хани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Македонија;
- Душица Перишиќ, извршен директор на ЗЕЛС, овластено лице од претседателот на Заедницата на единиците на локалната самоуправа;
- Игор Бојаџиев, советник на Директорот за радиокомуникации и контрола и мониторинг на радиофреквенции, овластено лице од директорот на Агенцијата за електронски комуникации.

Член 3

Со денот на влегување во сила на ова решение, престанува да важи Решението за формирање на Национален совет за ИКТ ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/18, 84/18, 130/18 и 149/18).

Член 4

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 45-540/1
22 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**334.**

Врз основа на член 50 од Законот за филмската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2013, 18/2014, 44/2014, 129/2015, 152/2015, 39/2016 и 11/2018), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 22 јануари 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРАВО НА ПОВРАТ НА СРЕДСТВАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Томи Салковски се разрешува од должноста член на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Македонија, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-300/2
22 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**335.**

Врз основа на член 3-а од Законот за инспекцијата на труд („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/97, 29/2002, 36/2011, 164/2013, 44/2014, 33/2015, 147/2015 и 21/2018), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 22 јануари 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД**

1. За директор на Државниот инспекторат за труд, орган во состав на Министерството за труд и социјална политика се именува Аљајдин Хавзиу, досегашен в.д. директор на инспекторатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-778/1 Заменик на претседателот
22 јануари 2019 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**336.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за девизна инспекција („Службен весник на Република Македонија “ бр.89/2004, 24/2011, 43/2014, 112/2014 и 83/2018), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 22 јануари 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА В.Д. ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ДЕВИЗЕН ИНСПЕКТОРАТ**

1. Неваип Исмаили се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Државниот девизен инспекторат, орган во состав на Министерството за финансии.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-779/1 Заменик на претседателот
22 јануари 2019 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**337.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за девизна инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр.89/2004, 24/2011, 43/2014, 112/2014 и 83/2018), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 22 јануари 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ДЕВИЗЕН ИНСПЕКТОРАТ**

1. За вршител на должноста директор на Државниот девизен инспекторат, орган во состав на Министерството за финансии, се именува Нурфет Карагоски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-780/1 Заменик на претседателот
22 јануари 2019 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

**338.**

Врз основа на член 30 од Законот за научно - истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 53/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 22 јануари 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК ВО СОВЕТОТ НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА ДУХОВНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА АЛБАНЦИТЕ-СКОПЈЕ**

1. За претставник во Советот на Јавната научна установа Институт за духовно културно наследство на албанците – Скопје, се определува Азви Мустафа.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-782/1 Заменик на претседателот
22 јануари 2019 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**339.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 22 јануари 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „СТРЕЖЕВО“ – БИТОЛА**

1. Петар Павловски се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“' – Битола.

2. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“ – Битола, се именува Никола Марковски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-783/1 Заменик на претседателот
22 јануари 2019 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

**340.**

Врз основа на член 29 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.238/18) и член 7 став (3) и став (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17 и 83/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.1.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2019 ГОДИНА**

I

Средствата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година во вкупен износ од 2.162.383.000,00 денари се обезбедени согласно Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.238/18), раздел 14004 - Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (во понатамошниот текст: Агенцијата), програма 2 - Финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, потпрограма 20 - Финансиска поддршка во земјоделството, ставка 464 - Разни трансфери во износ од 426.480.000,00 денари и потпрограма 2А - Финансиска поддршка на рурален развој, ставка 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 1.735.903.000,00 денари.

II

(1) Дел од средствата од дел I на оваа програма во износ од **1.955.903.000,00** денари ќе се користат за следните мерки за финансиска поддршка на руралниот развој:

| МЕРКИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ | | | |
|---|---|---|---|
| Код на мерка | Дел | НАЗИВ НА МЕРКА | ИЗНОС (во денари) |
| **112** | **I** | **Помош за млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност** | **200,000,000.00** |
| **114** | **II** | **Советодавни услуги во земјоделството** | **10,000,000.00** |
| **121** | **II** | **Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства** | **225,207,000.00** |
| | | набавка на добиток (121.1) | 91,000,000.00 |
| | | подигнување на нови насади (121.2) | 39,000,000.00 |
| | | набавка на пчелни матици и пчелни роеви (121.3) | 5,000,000.00 |
| | | набавка на трактори (121.4) | 60,207,000.00 |
| | | набавка на систем за наводнување капка по капка, конструкција на бунари и други зафати на површинска вода (121.5) | 30,000,000.00 |
| **122** | **III** | **Инвестиции за зголемување на економската вредност на шумите** | **30,000,000.00** |
| **123** | **IV** | **Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи** | **230,000,000.00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **124** | **IV** | **Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди** | **806,196,000.00** |
| | | капитални инвестиции во водостопанска инфраструктура (124.1) | 707,196,000.00 |
| | | останати инвестиции наменети за водостопанска инфраструктура (124.2) | 30,000,000.00 |
| | | инвестиции за пасишта во државна сопственост (124.3) | 24,000,000.00 |
| | | пристап до земјоделско земјиште (124.4) | 30,000,000.00 |
| | | консолидација на земјоделско земјиште (124.5) | 15,000,000.00 |
| **125** | **V** | **Соработка за развој на нови производи, процеси и технологии во земјоделскиот и прехрамбениот сектор (интегрирани проекти)** | **1,000,000.00** |
| **131** | **VI** | **Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност** | **30,000,000.00** |
| **211** | **VII** | **Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделса дејност (ПОМ)** | **90,500,000.00** |
| **213** | **VIII** | **Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики** | **16,000,000.00** |
| **214** | **IX** | **Помош за вршење на земјоделска дејност за заштита и унапредување на животната средина** | **13,000,000.00** |
| | | активности за воспоставување следење и анализирање на состојбите со автохтоните земјоделски растенија и обезбедување на задолжителни генетски резерви (214.1) | 4,000,000.00 |
| | | воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните раси на добиток и чување и обезбедување на задолжителни генетски резерви на автохтоните раси на добиток (214.2) | 4,000,000.00 |
| | | зачувување на генетската разновидност на автохтони раси на добиток (говедо Буша, овци каракачанска, овчеполска и шарпланинска, кози балканска коза, куче-овчарско куче шарпланинец и бивол - домашен бивол (214.3) | 5,000,000.00 |
| **215** | **X** | **Органско производство** | **89,500,000.00** |
| **321** | **XI** | **Подобрување на квалитетот на животот во руралните средини** | **50,000,000.00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **322** | XII | **Обнова и развој на селата** | **130,500,000.00** |
| **323** | XIII | **Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја** | **20,000,000.00** |
| **412** | XIV | **Воспоставување на локални акциски групи (ЛАГ)** | **1,000,000.00** |
| **413** | XV | **Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини** | **13,000,000.00** |
| **ВКУПНО ЗА МЕРКИ ЗА ФИНАНИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ** | | | **1,955,903,000.00** |

(2) Дел од средствата од дел I на оваа програма во износ од **184.856.170,00** денари ќе се користат за следните мерки за техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој:

| | | |
|---|---|---|
| **1. Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој** | | **152,856,170.00** |
| **1.1** | **Организирање и спроведување на манифестации и саеми за промоција на земјоделски производи во и вон Република Македонија** | **60,000,000.00** |
| **1.2** | **Учество на саемски манифестации и саеми на земјоделски производители и преработувачи во и вон Република Македонија.** | |
| **1.3** | **Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи** | **18,200,000.00** |
| | - трошоци за амбалажа на преработени земјоделски производи (вино и преработки од зеленчук) | 7,200,000.00 |
| | - финансиска помош по единица производ за извезен земјоделски производ во амбалажа (ориз) | 1,000,000.00 |
| | - трошоци за воведување на заштитени ознаки за квалитет на земјоделски и преработени производи | 1,500,000.00 |
| | - трошоци за изработка на маркетинг платформа за препознатливост на земјоделски производи и преработени земјоделски производи | 1,500,000.00 |
| | - трошоци за воспоставување и работа на унифицирани и специјализирани продавници за продажба на органска храна | 2,500,000.00 |
| | - трошоци за учество на меѓународни и регионални натпревари за вино на кои е освоена специјализирана награда, златен и сребрен медал | 1,000,000.00 |
| | - трошоци за транспорт на земјоделски производ - винско грозје од место регистрирано за откуп на земјоделски производ - винско грозје место до преработувачки капацитет за производство на вино | 3,500,000.00 |
| **1.4** | **Изработка и публикување на едукативни, информативни, научни, пропагандни и стручни материјали, публикации и списанија** | **8,200,000.00** |
| **1.5** | **Спроведување на истражувања, изработка на анализи, предлог-проекти, студии и стратешки документи од областа на земјоделството и руралниот развој** | **9,680,000.00** |
| **1.6** | **Инвестициони вложувања за воспоставување на научно демонстративни примери и спроведување на истражувањата** | **28,776,170.00** |

| | | |
|---|---|---|
| **1.7** | **Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој** | **28,000,000.00** |
| **2** | **Субвенционирање на каматна стапка** | **30,000,000.00** |
| **3** | **Поддршка за воспоставување и активности на националната рурална мрежа** | **2,000,000.00** |
| **ВКУПНО ЗА МЕРКИ ЗА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ** | | **184,856,170.00** |

III

(3) Дел од средствата од дел I на оваа програма во износ од 21.623.830,00 денари се наменети за Фондот за иновации и технолошки развој согласно член 26 од Законот за иновациска дејност.

IV

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 112 „Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност“ од оваа програма се спроведуваат како неповратна финансиска поддршка за започнување со земјоделска дејност на млади земјоделци, кои за прв пат започнуваат да се занимаваат со земјоделска дејност преку преземање на постоечко земјоделско стопанство или со воспоставување на ново земјоделско стопанство согласно членовите 67 и 92 од Законот за земјоделство и руралниот развој.

(2) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 180.000.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски за реализација на мерката 112 „Помош на млади земјоделци за започнување на земјоделска дејност“ од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

V

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 114 „Советодавни услуги во земјоделството“ од оваа програма, се спроведуваат согласно членовите 69 и 92 од Законот за земјоделство и руралниот развој како неповратна финансиска поддршка за:

- Поддршка при реализација на мерките за земјоделска политика и политика за рурален развој, изработка на деловни планови/технички предлог-проекти на земјоделски стопанства;

- Поддршка на спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020,

- Поддршка во технолошко и економско организирање и управување на земјоделско стопанство, ефикасно искористување на расположливите средства за работа, запознавање и помош во примена на законската регулатива од областа на земјоделството и поврзаните прописи и

- Поддршка во исполнување на барањата за задоволување на националните и стандардите на Европската Унија во делот на безбедност на храна, благосостојба на животните, заштита на животната средина, професионална заштита на работно место и барањата по однос на вкрстена сообраност.

(2) Корисници на поддршката од став (1) на овој дел се земјоделски стопанства и задруги кои користеле советодавни услуги од даватели на советодавни услуги евидентирани во евиденцијата на Министерството.

(3) Висината на поддршката од став (1) на овој дел е до 80% од прифатливите и направените трошоци, но не повеќе од 70 000 денари по корисник годишно.

(4) Финансиската помош може да се додели во вид на авансна исплата во висина од 40% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци.

VI

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 121 за „Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 70, 90 и 94 од Законот за земјоделство и руралниот развој како неповратна финансиска поддршка, а поддршката претставува учество во нови инвестиции за следните намени:

- набавка на високостелни педигрирани јуници (со исклучок на јуници од расата Буша), од увоз или од признати организации на одгледувачи согласно Законот за сточарство;

- педигрирани машки и женски приплодни грла овци, од увоз или од признати организации на одгледувачи согласно Законот за сточарство;

- педигрирани машки и женски приплодни грла кози од увоз или од признати организации на одгледувачи согласно Законот за сточарство;

- педигрирани свињи (нерези и назимки) чистокрвни или хибриди од увоз или од признати организации на одгледувачи согласно Законот за сточарство;

- подигнување на нови повеќегодишни лозови и овошни насади, повеќегодишни насади со ароматични растенија и медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) на нови површини;

- набавка на пчелни матици од одобрени одгледувалишта на пчелни матици согласно Закон за сточарство;

- набавка на трактори и

- набавка на опрема за систем за наводнување - капка по капка, конструкција на бунари и други зафати на површинска вода.

(2) Краен рок за поднесување на барања за исплата на поддршка од ставот (1) алинеи 1, 2, 3 и 5 на овој дел, за периодот од 1 септември 2018 до 31 декември 2018 година е 28 февруари 2019 година.

(3) За реализација на мерката од став (1) за периодот од став (2) од овој дел, Агенцијата објавува отворени јавни повици за прибирање на барања за исплата на финансиска поддршка до 31 јануари 2019 година.

(4) Краен рок за поднесување на барања за исплата на поддршка од ставот (1) алинеи 4 и 6 од овој дел, за периодот од 1 јануари 2019 до 30 септември 2019 година е 1 октомври 2019 година.

(5) За реализација на мерката од став (1) за периодот од ставот (4) од овој дел, Агенцијата објавува отворени јавни повици за прибирање на барања за исплата на финансиска поддршка до 1 октомври 2019 година.

(6) За реализација на мерката од став (1) алинеи 1, 2, 3 и 7, Агенцијата објавува отворени јавни повици за прибирање на барања за финансиска поддршка до 1 март 2019 година.

(7) Барателите кои биле корисници на финансиска поддршка за набавка на трактори преку ИПАРД Програмата и Националните програми за финансиска поддршка на руралниот развој за претходните пет години, не се прифатливи како корисници на оваа мерка.

(8) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 80.000.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 121 „Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства“ од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

VII

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 122 „Инвестиции за зголемување на економска вредност на шумите“ од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 71 и 90 од Законот за земјоделство и руралниот развој како неповратната финансиска поддршка наменета за инвестиции за одржливо стопанисување со шумите.

VIII

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 123 во износ од 30.000.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката „Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи" од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

IX

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 124 „Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 73 и 90 од Законот за земјоделство и руралниот развој како неповратната финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:
- капитални инвестиции во водостопанска инфраструктура;
- останати инвестиции наменети за водостопанска инфраструктура;

- системи за снабдување со вода вклучително и водопоила на пасишта во државна сопственост;
- електрификација на пасиштата во државна сопственост (освен за громобрани на пасишта);
- инфраструктура за пристап до пасиштата во државна сопственост;
- инфраструктура за пристап до земјоделското земјиште и
- консолидација на земјоделско земјиште.

(2) Корисник на средствата од став (1) алинеи 1 и 7 од овој дел е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошен текст: Министерството).

(3) Корисник на средствата од став (1) алинеја 2 од овој дел е „АД Водостопанство на Република Македонија" – во државна сопственост и јавните водостопански претпријатија.

(4) Корисник на средствата од став (1) алинеи 3, 4 и 5 од овој дел е „Јавно претпријатие за стопанисување со пасиштата" - во државна сопственост.

(5) Корисник на средствата од став (1) алинеја 6 од овој дел се единиците на локалната самоуправа.

(6) Средствата за инвестициите од став (1) алинеи 1 и 6 ги спроведува Министерството по пат на јавна набавка по доставен предлог за инвестиции од страна на заинтересираните корисници на средствата.

(7) Неповратната финансиска поддршка од став (1) од овој дел се доделува во висина на износот утврден согласно договорите за јавна набавка.

(8) Неповратната финансиска поддршка по барање на корисникот може да се додели согласно со фазите на реализација на инвестицијата.

(9) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 653.600.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 124 „Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството" од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

X

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 125 „Соработка за развој на нови производи, процеси и технологии во земјоделскиот и прехрамбен сектор (интегрирани проекти)" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 72 и 90 од Законот за земјоделство и руралниот развој како неповратната финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:

- развој на нови производи и дизајн
- производни процеси и технологии за преработка
- нематеријални вложувања за подготвителни активности
- процеси или технологии за пазарни цели

XI

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 131 „Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 74 и 90 од Законот за земјоделство и руралниот развој и членовите 15 и 16 од Законот за земјоделски задруги како неповратната финансиска поддршка за следните намени:

- помош за основање и функционирање на земјоделски задруги;
- инвестиции за примена на заеднички производни практики за усогласување на стандардите за квалитетот на земјоделските производи или за производство на земјоделски производи со повисок квалитет и
- организирање на информативни и промотивни активности за земјоделски производи.

(2) Поддршката од став (1) алинеја 1 на овој дел за направени прифатливи трошоци се исплаќа полугодишно по доставено барање за исплата и тоа:

- за прво полугодие најдоцна до 15 јули 2019 година, со краен рок за исплата 30 септември 2019 и
- за второ полугодие најдоцна до 15 јануари 2020 година со краен рок за исплата 30 март 2020 година.

(3) Поддршката од став (1) алинеја 2 на овој дел се доделува врз основа на одобрен деловен план изготвен за плански период од најмалку пет години.

(4) Поддршката од став (1) алинеја 3 на овој дел се доделува во износ од 100% од вкупните прифатливи трошоци за спроведување на предвидените активности во програма за работа на земјоделската задруга и може, по барање на корисникот, да се додели на две рати.

(5) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 10.000.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 131 „Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност" од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XII

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 211 „Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност" од оваа програма се спроведуваат согласно член 77 став (8) од Законот за земјоделство и рурален развој .

(2) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 90.000.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 211 „Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност" од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XIII

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 213 „Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики" од оваа програма се спроведува согласно член 78 од Законот за земјоделство и рурален развој за надомест на трошоци за одржување на висински пасишта и ливади и поддршка на традиционалното овчарство како неповратната финансиска поддршка и тоа:

- во висина од 100% од просечна месечна нето плата во дејноста од период 1 ноември 2018 до 31 октомври 2019 година, како трошок за чување и напасување на добитокот (овци, кози и/или говеда) на пасишта и ливади, односно регистрирани одгледувалишта кои се наоѓаат во населени места со надморска висина поголема од 700 метри и
- во висина од 60% од просечна месечна бруто плата во дејноста од период 1 ноември 2018 до 31 октомври 2019 година, како трошок за чување и напасување на добитокот (овци, кози и/или говеда) на пасишта и ливади, односно регистрирани одгледувалишта кои се наоѓаат во населени места со надморска висина помала од 700 метри.

(2) За помошта од став (1) на овој дел, бројот на вработени лица за кои се пресметува поддршката е:

- одгледување на овци за 1 вработено лице на 150 овци;
- одгледување на кози за 1 вработено лице на 50 кози и
- одгледување на говеда 1 вработено лице на 50 говеда.

(3) Помошта од став (1) на овој дел се исплаќа за најмногу 20 вработени лица за чување и напасување на добитокот (овци, кози и/или говеда) на пасишта и ливади, односно регистрирани одгледувалишта при што за десет вработени лица се исплаќа 100% за помошта од став (2) алинеја 1 на овој дел, односно 60% за помошта од став (2) алинеја 2 на овој дел, а за вработените лица над десет помошта се намалува за 50%.

(4) Бројот на вработени лица за кои е исплатена поддршката треба да е ист најмалку една година по годината за која е исплатена поддршката.

(5) Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник на мерката од став (1) на овој дел изнесува не повеќе од 300.000 денари по вработено лице.

(6) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 15.000.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 213 „Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики" од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XIV

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 214 „Помош за зачувување на генетската разновидност на автохтони земјоделски растенија и автохтони раси на добиток" од оваа програма се спроведуваат согласно член 78 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратната финансиска поддршка за следните намени:

- активноси за воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните земјоделски растенија и обезбедување на задолжителни генетски резерви;
- воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните раси на добиток и чување и обезбедување на задолжителни генетски резерви на автохтоните раси на добиток и

- зачувување на генетската разновидност на автохтони раси на добиток (говедо Буша, овци каракачанска, овчеполска и шарпланинска, кози балканска коза, куче - овчарско куче шарпланинец, овчарско куче караман и бивол - домашен бивол).

(2) Средствата од став (1) алинеи 1 и 2 од овој дел ги спроведува Министерството за исплата на субјектите на кои им е доделена јавна услуга или овластување согласно со прописите од областа на сточарството, семе и саден материјал, здравје и заштита на растенијата и земјоделство и рурален развој.

(3) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 5.000.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 214 „Помош за зачувување на генетската разновидност на автохтони земјоделски растенија и автохтони раси на добиток" од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XV

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 215 „Органско производство" од оваа програма се спроведуваат согласно член 47 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(2) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 89.000.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 215 „Органско производство" од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XVI

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 321 во износ од 50.000.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката „Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини" од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XVII

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 322 „Обнова и развој на селата" од оваа програма се спроведуваат согласно член 86 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:
- изработка на урбанистички планови за населени места во руралните средини;

(2) Корисници на средствата од став (1) на овој дел се единиците на локалната самоуправа утврдени како рурална средина, единиците на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа руралната средина за која се однесува инвестицијата согласно Законот за земјоделство и рурален развој и центрите за развој на планските региони утврдени согласно Законот за рамномерен регионален развој за инвестиции во рурални средини.

(3) Неповратната финансиска поддршка од став (1) од овој дел се доделува во висина од 100% од вкупната вредност на прифатливите трошоци и се исплаќа во висината на износот утврден согласно договорите за јавна набавка склучени од корисниците од став (2) од овој дел.

(4) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел по барање на корисникот може да се додели во вид на авансна исплата во висина од 20% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци или на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата.

(5) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 100.000.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 322 „Обнова и развој на селата" од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XVIII

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 323 во износ од 20.000.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката „Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја" од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XIX

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 412 „Воспоставување на локални акциски групи (ЛАГ)" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 89 и 90 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка.

XX

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 413 „Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 87, 90 и 92 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка.

(2) Корисник на поддршката од став (1) од овој дел е Локалната акциона група (во натамошниот текст: ЛАГ) основан согласно член 89 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(3) Стратегиите за локален развој на рурални средини од став (1) од овој дел треба да ги исполнуваат условите утврдени во член 88 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(4) Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник на мерката од став (1) од овој дел не може да изнесува повеќе од 800.000,00 денари.

(5) Корисниците треба да доставаат три понуди и доказ за општи трошоци, прибавени од независни понудувачи доколку вредноста на поединечна ставка изнесува повеќе од 30.000,00 денари или една понуда за општи трошоци од независен понудувач доколку вредноста на поединечна ставка изнесува помалку од 30.000,00 денари.

XXI

(1) Средствата од дел II став (2) од табелата точка 1 „Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој" од оваа програма се спроведуваат согласно член 101 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(2) Средствата од дел II став (2) потточка 1.1 „Организирање и спроведување на манифестации и саеми за промоција на земјоделски производи“ во Република Македонија се спроведуваат по објавен јавен повик согласно член 4 од Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој, а за манифестациите и саемите за промоција на земјоделски производи вон Република Македонија средствата се наменети за:

- Промоција на македонското вино на таргетирани пазари во ЕУ, САД, Сингапур, Хонг Конг, Шангај и Кина;
- Промотивни настани за промоција на македонската преработувачка индустрија на овошје и зеленчук на таргетирани пазари во ЕУ и Руска Федерација;
- Промоција на македонските производи преку бесцаринските зони во Шенцен, Хуанџо, Шангај и во „China National Exibition Center“ – Народна Република Кина;
- „World’s Leading Wines London“;
- „World’s Leading Wines Amsterdam“;
- „World’s Leading Wines Houston“;
- „World’s Leading Wines Chicago“;
- „World’s Leading Wines New York“ и
- Промотивни и Б2Б настани во Минск, Белорусија;

(3) Средствата од дел II став (2) потточка 1.2 „Учество на саемски манифестации и саеми на земјоделски производители и преработувачи во и вон Република Македонија“, се наменети за следните саеми:

- „Anuga“, Келн, Германија;
- „Fancy Food“ за преработки од овошје и зеленчук, Њујорк САД;
- „Tuttofood“, Милано;
- „Gulf Food“, Дубаи, ОАР;
- „Sial Canada“, Торонто, Канада;
- „BBC Good Food“, Бирмингам, ОК;
- „SIAL middle east “ за преработки од овошје и зеленчук, Абу Даби“, Обединети Арапски Емирати;
- „Prodexpo“ саем за пијалоци, Москва-Руска Федерација;
- „World Food (Мир Питание)“ за овошје, зеленчук и преработки, Москва –Руска Федерација;
- Македонско изложбен-трговски дом, Москва, Руска Федерација;
- „Green week„ – Берлин, Сојузна Република Германија;
- „Агра“, Горна Радгоња, Република Словенија;
- „Fruitlogistica“ за свежо овошје и зеленчук, Берлин-Сојузна Република Германија;
- „ProWein“ саем за вино, Дизелдорф-Сојузна Република Германија;
- „Sial“ за преработки од овошје и зеленчук, Париз-Република Франција;
- „Biofach - Нирнберг, Германија “ за органско земјоделство;
- „London Wine Fair“ – саем за вино, Лондон Велика Британија;
- „Агрофуд“ - Скопје
- „Interwhine China“, Кина и
- „World Bulk Wine Exhibition“ – Амстердам, Холандија.

(4) Средствата од дел II став (1) потточка 1.2 за учество на саемите за промоција на земјоделски производи вон Република Македонија од став (3) алинеи 11, 13 и 16 од овој дел ќе се исплаќаат за учество на саеми во 2019 како и во 2020 година.

(5) Средствата од дел II став (2) потточка 1.3 „Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи” се спроведуваат согласно член 6 од Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој.

(6) Средствата од дел II став (2) потточка 1.3 „Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи” подмерка „трошоци за учество на меѓународни и регионални натпревари за вино на кои е освоена специјализирана награда, златен и сребрен медал“ се наменети за следните натпревари и видови на награди:

| Натпревар | Специјализирана награда | Златна медала | Сребрена медала |
|---|---|---|---|
| *1. Меѓународни натпревари:* | | | |
| 1.1. Decanter UK / Asia | • Platinum - Best in Show<br>• Platinum | да | да |
| 1.2. London International Wine Challenge | • Trophy<br>• Champion of Champions’ Trophy<br>• Great Value Champion Awards<br>• Own Label Awards<br>• Planet Earth Awards<br>• Champion Wine Awards<br>• IWC Special Awards<br>• National Trophy<br>• International Varietal Trophy<br>• Varietal Trophy<br>• Regional Trophy | да | да |
| 1.3. Mundus Vini (Spring / Summer) | • Grand Gold<br>• Best of Show | да | да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.4. Citadelles du Vin | • Special Prize | да | / |
| 1.5. International Wine Challenge AWC Vienna | • Best red wine of the year<br>• Best white wine of the year<br>• Best sweet wine of the year<br>• Best sparkling wine of the year | да | / |
| 1.6. Concours Mondial de Bruxelles | • Grand Gold<br>• Revelations | да | / |
| 1.7. China Wine and Spirits Awards | • Trophy<br>• Best Value<br>• Double Gold | да | / |
| *2. Регионални натпревари:* | | | |
| 2.1. VINO LJUBJANA Slovenia | • World Champion<br>• National Champion | да | / |
| 2.2. Balkans International Wine Competition BIWC | • Grand Trophy<br>• White wine Trophy<br>• Red wine Trophy<br>• Rose wine Trophy<br>• Sparkling wine Trophy<br>• Sweet wine Trophy<br>• Best indigenous white<br>• Best indigenous rose<br>• Best indigenous red | да | / |
| 2.3. INTERNATIONAL WINE CONTEST Bucharest | • Great Gold | да | / |
| 2.4. GAST Croatia | • Champion | да | / |

(7) Средствата од дел II став (2) потточка 1.4 „Изработка и публикување на едукативни, информативни, научни, пропагандни и стручни материјали, публикации и списанија" се реализираат согласно член 7 од Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој.

(8) Дел од средствата од став (7) од овој дел во вкупен износ од 3.800.000,00 денари се наменети за спроведување на започнати постапки и неподмирени обврски за потточка 1.4 „Изработка и публикување на едукативни, информативни, научни, пропагандни и стручни материјали, публикации и списанија" од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

(9) Средствата од дел II став (2) потточка 1.5 „Спроведување на истражувања, изработка на анализи, предлог-проекти, студии и стратешки документи од областа на земјоделството и руралниот развој" се реализираат согласно членовите 8 и 10 од Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој.

(10) Дел од средствата од став (9) од овој дел во вкупен износ од 4.000.000,00 денари се наменети за спроведување на започнати постапки и неподмирени обврски за потточка 1.5 „"Спроведување на истражувања, изработка на анализи, предлог-проекти, студии и стратешки документи од областа на земјоделството и руралниот развој" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

(11) Средствата од дел II став (2) потточка 1.6 "Инвестициони вложувања за воспоставување на научно-демонстративни примери" се реализираат согласно член 9 од Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој.

(12) Средствата од дел II став (2) потточка 1.7 „Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој“ се реализираат согласно член 11 од Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој.

(13) Дел од средствата од став (12) од овој дел во вкупен износ од 12.500.000,00 денари се наменети за спроведување на започнати постапки и неподмирени обврски за потточка 1.7 „Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој“ од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XXII

(1) Средствата од дел II став (2) од табелата точка 2 „Субвенционирање на каматна стапка“ од оваа програма, се спроведуваат согласно член 98-а од Законот за земјоделство и рурален развој.

XXIII

Средствата од дел II став (2) од табелата точка 3 „Поддршка за воспоставување и активности на националната рурална мрежа” се спроведуваат согласно член 26-а од Законот за земјоделство и руралниот развој.

XXIV

(1) За реализација на мерките од оваа програма Агенцијата објавува отворени јавни повици за прибирање на барања за користење на финансиска поддршка или барања за исплата на финансиска поддршка.

(2) Рокот за објавување на отворени јавни повици за прибирање на барања за користење на финансиска поддршка е 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа програма.

(3) Еден корисник поднесува посебно барање за секоја мерка во оригинал. Еден корисник може да поднесе најмногу две барања за користење на финансиска поддршка по различни мерки од оваа програма.

(4) Рокот за реализација на средствата од оваа програма е согласно утврдената динамика за реализација на средствата утврдени во Буџетот на Република Македонија за 2019 година.

XXV

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11618/1-18
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

**341.**

Врз основа на член 40 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“, бр.238/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 22.1.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Финансирањето на училишните објекти од основното образование се врши согласно член 162 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18).

Со оваа програма се планира завршување на градбите и реконструкциите на отпочнатите училишни објекти, отпочнување на нови градби, доградби, реконструкции, санации, обезбедување на стручно технички надзор во процесот на градежните активности, изработка на техничка документација и ревизија на документација за училишните објекти во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија за 2019 година, врз основа на одредбите од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 212.600.000 денари се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2019 година, на Раздел 16001 – Министерство за образование и наука, Потпрограма ТА – Изградба и Потпрограма ТБ- Реконструкција на основни училишта, ставка 482.

**Опис на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени со Потпрограма ТА – Изградба на основни училишта:**

| ПРЕНЕСЕНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ ЗА ОБЈЕКТИ | | | БУЏЕТ 2019 |
|---|---|---|---|
| Општина | Име на училишен објект и место | Опис на градежни активности | |
| АЕРОДРОМ | ОУ„Димитар Македонски“ нас. Лисиче | Изградба на нов училишен објект | |
| СТУДЕНИЧАНИ | Нов училишен објект во м.в. Љубош с.Батинци | Изградба на нов училишен објект | |
| ГАЗИ БАБА | ОУ„Вера Јоциќ“ Маџари | Изградба на нов училишен објект | |
| | | ВКУПНО ПРЕНЕСЕНИ ОБВРСКИ | 84.000.000 |
| **ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА ОБЈЕКТИ ВО 2019** | | | |
| Општина | Име на училишен објект и место | Опис на гладежни активности | |
| ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | ОУ „Тихомир Милошевски“с.Волково (Новоселски пат) | Изградба на крило | |
| ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | ОУ „Димитар Поп Беровски“ нас Хром | Изградба на крило | |
| БУТЕЛ | Изградба на нов училишен објект во нас.Визбегово | Изградба на нов училишен објект | |
| ВЕЛЕС | ОУ „Васил Главинов“, ПУ во с. Клуковец | Изградба на нов училишен објект | |
| ЧУЧЕР САНДЕВО | Изградба на нов училишен објект ПУ во с.Долно Блаце | Изградба на нов училишен објект | |
| КУМАНОВО | ОУ „Христијан Тодоровски Карпош“ | Изградба на крило (доградба) | |
| ЧАИР | ПОУ „Иднина“ | Изградба на нов училишен објект | |
| ЧАШКА | ОУ Лирија, с.Горно Јаболчиште | Доградба и надградба | |
| **ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА 2019** | | | **71.100.000** |
| Стручно-технички надзор при изградби, доградби и надградби на училишни објекти | | | 2.500.000 |
| Техничка документација, елаборати, ревизија на техничка документација и трошоци за обезбедување на податоци и услуги од страна на јавни институции. | | | 5.000.000 |
| | | **ВКУПНО** | **162.600.000** |

**Опис на пренесени и планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени на Потпрограма ТБ –Реконструкција на основни училишта:**

| ПРЕНЕСЕНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ ЗА ОБЈЕКТИ | | | БУЏЕТ 2019 |
|---|---|---|---|
| Општина | Име на училишен објект и место | Опис на гладежни активности | |
| ДЕМИР КАПИЈА | ОУ „Димката Ангелов Габерот„ ПУ с.Прждево | Комплетна реконструкција | |
| ЧАИР | ОУ Васил Главинов | Адаптација на простор за санитарен јазол, со реконструкција на крило ( прва фаза) | |
| СТРУГА | ОУ „ Јосип Броз Тито„ ПУ с. Радожда | Реконструкција на објект (архитектура, водовод, замена на електрика со воведување на топловодно греење | |
| ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | Јоаким Крчовски с.Волково | Реконструкција на кров | |
| | | **ВКУПНО ПРЕНЕСЕНИ ОБВРСКИ** | **22.300.000** |
| **ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА ОБЈЕКТИ ВО 2019** | | | |
| Општина | Име на училишен објект и место | Опис на гладежни активности | |
| БОГОВИЊЕ | „11 Октомври“ с.Ново село | Реконструкција на опожарен обект | |
| ГОСТИВАР | ОУ„ Гоце Делчев“, Гостивар (прва фаза) | Реконструкција на кров, санација на рамна тераса со калкански зидови | |
| ВЕЛЕС | ОУ „Блаже Конески“ | Реконструкција на систем за топловодно греење во | |
| ГАЗИ БАБА | ОУ „25 мај“ нас..Сингелиќ | Реконструкција на котлара | |
| СТРУГА | ОУ „Единство“ Октиси | Реконструкција на котлара | |
| ТЕТОВО | ОУ„ Кирил и Методиј“ Тетово | Замена на кровен покривач | |
| ПЛАНИРАНИ РЕКОНСТРУКЦИИ/ САНАЦИИ/ АДАПТАЦИИ ЗА 2019 | | | 20.700.000 |
| Стручно-технички надзор при реконструкција, санација и адаптација на училишни објекти, за обврски по склучени договори и за нови договори | | | 2.000.000 |
| Техничка документација, елаборати, ревизија на техничка документација и трошоци за обезбедување на податоци и услуги од страна на јавни институции, враќање на финансиски средства по задржан депозит и други трошоци | | | 5.000.000 |
| | | **ВКУПНО** | **50.000.000** |

2. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11570/1-18
22 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**342.**

Врз основа на член 40, став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“, бр.238/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 22.1.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СРЕДНИ УЧИЛИШТА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Финансирањето на училишните објекти од средното образование се врши согласно член 101 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95,24/96, 34/96, 35/97, 82/99,29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08,33/10,116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14,116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18).

Со оваа програма се планира отпочнување на нови градби, доградби, надградби, реконструкции, санации, како и завршување на отпочнати реконструкции на училишни објекти, обезбедување на стручно технички надзор во процесот на градежните активности, изработка на техничка документација и ревизија на документација за училишните објекти во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија за 2019 година, врз основа на одредбите од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 50.000.000 денари се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2019 година, на Раздел 16001 – Министерство за образование и наука, Потпрограма ТГ – Изградба на средни училишта и Потпрограма ТД- Реконструкција на средни училишта, ставка 482.

**Опис на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени со Потпрограма ТГ – Изградба на средни училишта:**

| ОПИС НА АКТИВНОСТИ | ПЛАНИРАНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА |
|---|---|
| Изградба, доградба и надградба на училишни објекти | 17.000.000 |
| Стручно-технички надзор при изградби, доградби и надградби на училишни објекти | 500.000 |
| Техничка документација, елаборати, ревизија на техничка документација и трошоци за обезбедување на податоци и услуги од страна на јавни институции | 2.500.000 |
| ВКУПНО (Потпрограма ТГ ) | 20.000.000 |

## Опис на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени со Потпрограма ТД – Реконструкција на средни училишта

| ПРЕНЕСЕНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ ЗА ОБЈЕКТИ | | | БУЏЕТ 2019 |
|---|---|---|---|
| Општина | Име на училишен објект и место | Опис на градежни активности | |
| ГОСТИВАР | СОУ „Гостивар“ | Санација (втора фаза) за реконструкција на topловодно греење во СОУ Гостивар, кров и санација објект 2 | |
| КОЧАНИ | СОУ „Ѓошо Викентиев“ | Замена на стара столарија со нова и парапети во СОУ Ѓошо Викентиев, о.Кочани | |
| ВКУПНО ПРЕНЕСЕНИ ОБВРСКИ | | | 15.310.000 |
| ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА ОБЈЕКТИ ВО 2019 | | | |
| Општина | Име на училишен објект и место | Опис на гладежни активности | |
| СВЕТИ НИКОЛЕ | СОУ Кочо Рацин-Земјоделско училиште (Со Ученички дом кој е во состав на Училиштето) | Комплетна реконструкција | |
| ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА 2019 | | | 7.690.000 |
| Стручно-технички надзор при реконструкција, санација и адаптација на училишни објекти, за обврски по склучени договори и за нови договори | | | 2.000.000 |
| Техничка документација, елаборати, ревизија на техничка документација и трошоци за обезбедување на податоци и услуги од страна на јавни институции, враќање на финансиски средства по задржан депозит и други трошоци | | | 5.000.000 |
| ВКУПНО (Потпрограма ТД ) | | | 30.000.000 |

| | |
|---|---|
| ВКУПНО (Потпрограма ТГ ) | 20.000.000 |
| ВКУПНО (Потпрограма ТД ) | 30.000.000 |
| ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА 2019 | 50.000.000 |

2. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11571/1-18
22 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ

**343.**

Врз основа на член 16, став (1) алинеја 5 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016 и 64/2018), Комисијата на Агенцијата за пошти, на состанокот одржан на 26.11.2018 година донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА ПОЕНОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА 2019 ГОДИНА

I. Вредноста на поенот за 2019 година изнесува 437,1173 денари.

II. Вредноста на поенот од точката I. на оваа одлука, се применува при пресметување на годишниот надоместок за 2019 година.

III. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата на Агенцијата за пошти, на состанокот одржан на 26.11.2018 година ја разгледуваше Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2019 година и донесе одлука за определување на вредноста на поенот за 2019 година.

При одлучувањето Комисијата ја зема предвид Годишната програма за работа на Агенцијата, со планираните активности и финансискиот план за наредната 2019 година, Извештајот со збирен број на поени на пазарот на поштенските услуги со состојба 31.10.2018, како и 34 издадени заклучоци за поени, доставени до давателите на поштенски услуги до денот на одржување на состанокот на Комисијата.

Согласно со член 28, став 7 од Законот, при пресметувањето на вредноста на поенот Комисијата ги зема предвид ставките на трошоците од финансискиот план на Агенцијата за извршување на активностите и задачите планирани во програмата за работа на Агенцијата. Од тука, Комисијата ги разгледа проектираните трошоци и соодветно на нив и приходите од финансискиот план, па оцени дека структурата и висината на планските и стандардните трошоци во финансискиот план на Агенцијата за пошти за календарската 2019 година и тоа како фиксните така и варијабилните, директно произлегуваат од планираните активности. Планираните активности на Агенцијата за 2019 година, во значителен обем се однесуваат на регулаторни активности и задачи поврзани со давателот на универзална услуга АД Македонска пошта Скопје, соодветно на фокусот на надлежностите на Агенцијата, во поглед на обезбедување непречено функционирање на универзалната услуга и следење на работата на националниот оператор. Мал дел од трошоците се за активности на Агенцијата во делот на конкурентските поштенски услуги во Република Македонија и заштита на правата на корисниците.

Финансискиот план за 2019 соодветно и пропорционално ги проектира трошоците за така планираните активности кои се рефлектираат и на планираните приходи. Па оттука износот на контото 750 – Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги во Финансискиот план за 2019 година, изнесува 23.200.000,00 денари.

Комисијата оцени дека трошоците се оправдани, па соодветно на тоа и планираниот приход од контото 750 е доволна финансиска рамка за непречено извршување на конкретни активности на Агенцијата во 2019 година. Така планираниот приход е износот кој се дели со вкупниот број на поени на пазарот на поштенските услуги во Република Македонија, согласно член 12 став 2 од Правилникот за начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок („Службен весник на Република Македонија“ бр.167/2010, 31/2013 и 155/2017).

Втората компонента од која зависи висината на вредноста на поенот во односната година, е вкупниот број на поени на пазарот на поштенските услуги во Република Македонија. Од овие причини Комисијата го разгледа и Извештајот со збирен број на поени на пазарот на поштенските услуги со состојба 31.10.2018, по што констатира дека вкупниот број на поени на поштенскиот пазар во Република Македонија е правилно пресметан и утврден на 53.075 поени, и претставува збир на бројот на поени за обезбедување на универзална услуга врз основа на индивидуална дозвола и бројот на поени констатирани со заклучоци за секој од давателите на поштенски услуги. Ова, од причини што структурата на вкупниот број на поени на пазарот на поштенски услуги ја сочинуваат:

50.000 поени за АД Македонска пошта Скопје; 120 поени за Карго Експрес Битола; 175 поени за ДХЛ Експрес Македонија Скопје; 145 поени за ИН ТИМЕ МК БПС Скопје; 175 поени за ТНТ Експрес Македонија; 115 поени за РСЕ Оптима Вите Скопје; 60 поени за Јокам Пошта 2011 Дебарца; 60 поени за ДРД Курир Скопје; 120 поени за Деливеримен Скопје; 120 поени за ДелЦО Скопје; 175 поени за Брза Пратка Скопје; 60 поени за Мерцаноски ТП Тетово; 30 поени за Глобал Мессаге Скопје; 30 поени за ДМ – Јосифовски ДООЕЛ Прилеп; 60 поени за Диливери Филип Прилеп; 110 поени за Прологис сервис Скопје; 100 поени за Екстра 03 Кавадарци; 60 поени за Балкан Деливери Сервис Скопје; 120 поени за ТПЛ Тотал Логистик Скопје; 60 поени за Ривал инжинеринг –подружница Експрес Скопје; 130 поени за Деливери Сервис Онтернешенел Скопје; 60 поени за Пост Експрес Македонија; 120 поени за Ин Пошта Радески Скопје; 120 поени за Нова Пошта Скопје; 30 поени за ЈДМ ПОСТ Логистикс Тетово; 60 поени за Експрес пошта ДОО Струмица; 60 поени за Брза пратка Пост-М Логистик Тетово; 120 поени за Ваш Курир Плус Прилеп; 60 поени за АБЦ Пост ТП Гостивар; 120 поени за Интернешенел Меил Деливери – ИМД ДООЕЛ Скопје; 30 поени за Блек Партнер Деливери ДОО увоз-извоз Скопје; 70 поени за М-Достава ДООЕЛ Скопје; 70 поени за Цикло Пошта ДООЕЛ Скопје; 60 поени за Еко Пошта ДООЕЛ Скопје и 70 поени за Еко Логистис Сервис Скопје.

Врз основа на претходно утврденото, Комисијата оцени дека вредноста на поенот е пресметана во согласност со начинот пропишан во членот 28 од Законот и членот 12 став 2 од Правилникот, поточно дека 437,1173 денари е количникот кој се добива кога 23.200.000,00 денари ќе се поделат со 53.075 поени, односно тоа е вредноста која се добива кога приходите од контото 750, ќе се поделат со вкупниот број на поени на поштенскиот пазар.

Вредноста на поенот утврдена во оваа висина, ќе се применува при пресметување на годишниот надоместок за 2019 година.

Поради сето напред наведено, Комисијата одлучи како во диспозитивот, а согласно член 28 став 7 од Законот за поштенските услуги.

Оваа одлука е составен дел на Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2019 година.

Бр. 02-219/8
26 ноември 2018 година
Скопје

Агенција за пошти
Комисија
претседател,
**Благој Индов**, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**

ISSN 0354-1622
2019023